Асоцијација АПЈН Скопје

**Асоцијација на професионалци во јавните набавки во Република Северна Македонија сметка бр. 270-0726791601.08 Халк Банка даночен број: 4080018572328**

Почитувани,

Асоцијацијата на професионалци во јавни набавки во РСМ– АПЈН, Ве информира дека на **10 ти декември 2020** година ќе одржи обука на тема:

**„ИСКУСТВО ОД ДОСЕГАШНАТА ПРИМЕНА НА ЗАКОНОТ ЗА ЈАВНИТЕ НАБАВКИ"**

Ни претставува задоволство да Ве поканиме на работилницата на тема: **„Искуство од досегашната примена на Законот за јавните набавки"**, која **Асоцијацијата на професионалци во јавните набавки во Република Северна Македонија** ќе ја организира на **10 ти декември 2020 (четврток) од 10 до 13 часот**, преку онлајн платформата **ZOOM.**

**Ве молиме вашето учество (име и презиме, институција, е-маил, телефон) да го најавите со пополнување на Пријавниот лист, по што ќе ви испратиме линк за вклучување на настанот. Ве молиме да го пополните и доставите пријавниот лист со Ваши податоци на** е-маил: **contact@apjn.mk или apjnskopje@gmail.com најдоцна** најдоцна **до 08.12.2020 година**, лице за контакт во Асоцијацијата АПЈН: **Андријана – тел за контакт**: 078 497 412 или на

**Асоцијацијата на професионалци во јавните набавки – АПЈН веќе 3 (три) години го следи и анализира системот на јавните набавки на национално и европско ниво во делот на регулативата како и спроведувањето на јавните набавки во земјава, предлагајќи мерки за подобрување на регулативата и практиката. Значаен дел од нашето делување се редовните средби за размена на информации и искуства со претставниците на договорните органи и на економските оператори, како и на сите други чинители во областа на јавните набавки –**

**регулаторните и независните институции, новинарите, граѓанските организации итн.**

**Искрено се надеваме дека со вашето ценето присуство ќе дадете придонес кон унапредување на состојбите во јавното трошење.**

**Целта на работилницата:**

Целта на оваа работилница е договорните органи и економските оператор да разменат искуства од досегашната примена, детално да се разработат одредени специфики со цел успешно спроведување на постапките и набавка на квалитетни стоки, услуги и работи со цел добивање на најдобрата вредност за вложените пари и задоволување на потребите, како и да се увидат најчестите пропусти и грешки при подготвување и поднесување на квалитетни понуди, како и да се добие одговор на многу други прашања.

Работилницата е наменета за сите заинтересирани лица кај договорните органи или економските оператори, за лица што имаат искуство и дополнително сакаат да го надградат своето знаење како и за ревизори, судии, обвинители, лица од академската заедница што ги истражуваат јавните набавки, студенти, и за невладиниот сектор.

**Предавачи на работилницата ќе бидат, претставник од Бирото за јавни набавки и Државната комисија за жалби по јавни набавки како и еминентни експерти и професионалци и сертифицирани обучувачи за јавни набавки со долгогодишно искуство во областа и големо практично искуство, со кои ќе имате непосредна можност да разговарате за правилната примена на Законот за јавните набавки и новините кои се планираат за наредниот период**:

**- Борче Хаџиев,** Директор на Бирото за јавни набавки

**- м-р Светислав Радовиќ,** Генерален Секретар на Државната Комисија за жалби по јавни набавки

- **Борче Христов**, Претседател на АПЈН, експерт за јавни набавки

**- Д-р Маре Богева Мицовска**, ко – основач на АПЈН, експерт и сертифициран обучувач

**<u>За сите учесници на работилницата ќе биде обезбеден:</u>**

- работен материјал од работилницата и
- сертификат за присуство.

**Котизацијата за учество на работилницата (10 декември 2020 година – преку платформата ZOOM) изнесува 4.000,00 денари. (Асоцијацијата АПЈН не е ддв обврзник).**